ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 29.09.2010

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## ОБЈАВА НА ОДЛУКА НА УПРАВЕН ОДБОР ПО ПОВОД ПОДНЕСЕНАТА ОСТАВКА НА ДИРЕКТОРОТ ЈАНЕЗ ЈЕЛНИКАР

Фондот за здравствено осигурување на Македонија ја информира јавноста дека на седницата на Управниот Одбор на ФЗОМ одржана на 28.09.2010 година, беше разгледана и прифатена оставката поднесена од директорот на ФЗОМ - Јанез Јелникар.

Во неговото барање за разрешување од должноста директор на ФЗОМ, се наведува дека оставката ја поднесува од лични(фамилијарни) причини.

Директорот Јанез Јелникар во неговото барање до Владата на РМ и министерот за здравство д-р.Бујар Османи нагласува „Подготвен сум должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и понатаму совесно и одговорно да ја извршувам се до именувањето нов директор, истовремено изразувајќи надеж дека постапката ќе биде ескпедитивно спроведена“.

Бранко Аџигогов
Портпарол